**Програма за организирање на екскурзии, излети и настава во природа за учениците во ООУ „Коле Неделковски“- Центар, Скопје за учебната 2026 / 2027 година**




**Скопје – Центар**

Стручниот тим на училиштето изработи Кодекс за однесување на учениците за време на училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности. Ученикот доколку не го почитува кодексот за однесување наставничкиот совет му забранува учество на наредни училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага изрекување на педагошка мерка.

## КОДЕКС
## за однесување на учениците за време на училишните екскурзии, излети и други вонучилишни активности

**Учениците се должни:**

- Задолжително да ги почитуваат законите на Република Северна Македонија.
- Достојно да го претставуваат Училиштето, Општината и Градот.
- Задолжително да присуствуваат и активно да чествуваат во сите организирани активности за време на училишната екскурзија, излет или друга вонnastавна активност.
- Се забранува напуштање и оддалечување од групата за време на договорените активности без дозвола од одговорниот наставник.
- Да се однесуваат пристојно и со почит кон соучениците, наставниците и друг персонал за време на екскурзијата.
- Да се облекуваат пристојно, во соодветна облека и да имаат прикладен изглед на фризура, накит и сл. Се забрануваат: кратки маици и здолништа, длабоко деколте, искинати фармерки, облека со несоодветна апликација и сл.
- Да се грижат за личната хигиена и хигиената каде што престојуваат и, отпадоците да ги одложуваат во корпи за отпадоци.
- Навремено да ги информираат одделенските раководители за проблемите со кои се соочуваат и да побараат помош кога им е потребна.
- Меѓусебните недоразбирања да ги решаваат со разговор и толеранција;
- Да не потценуваат ниту еден соученик или да вршат дискриминација по пол, возраст, физички изглед, националност, религија или сл.

- Строго се забранува нарушување на јавниот ред и мир, насилно однесување и нанесување материјална штета.
- Строго се забранува вербално или физичко насилство. Игнорирање, упатување навредливи зборови, омаловажување, исмејување, нанесување психичка болка е исто така насилство.
- Строго се забранува консумирање алкохол, цигари и други недозволени супстанции.

Врз основа на Кодексот, родителот/старателот на ученикот потпишува изјава дека при изведувањето на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности ќе ги почитуваат одредбите од Кодексот.

Потпишаната изјава се предава на одделенскиот раководител најдоцна три дена пред изведување на екскурзиите, излетите и другите вонучилишни активности.

На ученикот кој за време на училишната екскурзија, излетот и другите вонучилишни активности не го почитува Кодексот, наставничкиот совет му забранува учество на наредните училишни екскурзии, излети и други вонучилишни активности и предлага да му се изрече педагошка мерка.

Директор

Александар Христовски

## 1. Програма за организација и изведување на еднодневен излет (есенски)

**Спортско-рекреативен еднодневен есенски излет**

**Место**: Градски парк, Скопје.

**Одделение**: I до IX одд.

**Цели на еднодневниот излет**

Совладување и проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со појавите и односите во природната и општествената средина, како и со културно-историските знаменитости во согласност со воспитно-образовната работа во училиштето.

**Задачи**

- Развивање интерес за природата
- Градење еколошки навики
- Социјализација
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Развивање интерес за спортски активности и рекреација

**Содржина и активности**

Поаѓање во утринските часови и пристигање во градски парк кој се наоѓа во непосредна близина на “ООУ Коле Неделковски”- Центар и има традиционално излетнички карактер.

Градскиот парк во Скопје е најголемиот градски парк во Македонија со површина од 45 хектари по должината на реката Вардар и претставува една од најважните залени површини на градот. Тој е место за одмор, рекреација и забава за сите генерации. Во негова близина се наоѓаат неколку значајни знаменитости и интересни места: Зоолошка градина,Фонтана “Лотос” еден од симболите на паркот, езерца, канали и др.
Следува време за одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање и враќање во попладневните часови.

**Раководител на екскурзијата:** Владимир Ѓорѓевиќ – професор по физичко и здравствено образование

**Одговорни наставници:**

Владимир Ѓорѓевиќ- професор по физичко и здравствено образование, Наде Крстева - одд. наставник и сите одделенски и класни раководители.

**Време на реализација:** септември / октомври 2026г.

**Локалитети за посета и правци на патување:**

“ООУ Коле Неделковски”, Центар - Градски Парк, Скопје

## 2. Програма за организација и изведување на еднодневен излет (пролетен)

**Спортско-рекреативен еднодневен пролетен излет**

**Место**: Марков Манастир, Скопје.

**Одделение**: I до III одд.

**Цели на еднодневниот излет**

Совладување и проширување на знаења, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање со појавите и односите во природната и општествената средина, како и со културно-историските знаменитости во согласност со воспитно-образовната работа во училиштето.

**Задачи**

- Развивање интерес за природата
- Градење еколошки навики
- Социјализација
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции
- Развивање интерес за спортски активности и рекреација

**Содржина и активности**

Поаѓање во утринските часови и пристигање во манастирскиот комплекс кој се наоѓа во селото Маркова сушица и е 18км оддалечено од центарот на Скопје.

Во близина на скопското село Сушица сместен во живописна долина на истоимената река се наоѓа Марковиот манастир со црквата посветена на Св. Димитрија. Следува разгледување на манастирот и запознавње со неговата историја, време за одмор, игра и рекреација на учениците, фотографирање и враќање во попладневните часови.

**Раководител на екскурзијата:** Владимир Ѓорѓевиќ– професор по физичко и здраствено образование

**Одговорни наставници:**

Владимир Ѓорѓевиќ - професор по физичко и здравствено образование, Наде Крстева- одд. наставник и сите одделенски и класни раководители.

**Време на реализација:** мај / јуни 2027г.

**Локалитети за посета и правци на патување:**

Марков Манастир, Скопје

**Техничка организација:**

Висококвалитетни, климатизирани и безбедни патнички автобуси, туристички водич, лекар.

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

## 3. Програма за организација и изведување на еднодневен излет (пролетен)

**Место:**

**Локалитет Лешок - Теарце** (ученици од IV од VIII одделение).

**Одд: од IV до VIII одделение**

**Воспитно - образовни цели:**

- Развивање интерес за запознавање на релјефните и културно - историските одлики на наведените локации;
- Учениците да се стекнат со навики за чување на животната средина, да изградат респективен однос кон историските знаменитости, да се дружат, спортуваат и рекреираат;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Содржини и активности:**

- Заедничко доживување на околината, дружење;
- Посета на културно - историските знаменитости;
- Организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;
- Посета на Лешочки манастир „Св.Атанасиј“.

**Раководител на екскурзијата: Владимир Ѓорѓевиќ**

**Одговорни наставници:** Одделенски и класни раководители од IV до VIII одд.

**Времетраење**: од 8.00 до 15.00 часот;

**Локација за посета:** Во близина на Тетово - Лешок - Општина Теарце

**Правец на патување на пролетниот излет:** Скопје - с. Лешок (Лешочки манастир) - Скопје

**Време на реализација:** Април / мај, 2027 година

**Техничка организација:**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;

**Начин на финансирање:**

Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на излетите.

## 4. Програма за организација и изведување на еднодневен излет (пролетен)

**Место:**

**Локалитет Лешок - Теарце** (ученици од IX одделение).

**Одд: IX одделение**

**Воспитно - образовни цели:**

- Развивање интерес за запознавање на релјефните и културно - историските одлики на наведените локации;
- Учениците да се стекнат со навики за чување на животната средина, да изградат респективен однос кон историските знаменитости, да се дружат, спортуваат и рекреираат;
- Социјализација, колективна заштита и стекнување искуство за осамостојување и грижа за себе.

**Содржини и активности:**

- Заедничко доживување на околината, дружење;
- Посета на културно - историските знаменитости;
- Организирање на спортски натпревари и други рекреативни игри;
- Посета на Лешочки манастир „Св.Атанасиј“.

**Раководител на екскурзијата: Филип Стојковиќ**

**Одговорни наставници:** Класни раководители од IX одд.

**Времетраење**: од 8.00 до 15.00 часот;

**Локација за посета:** Во близина на Тетово - Лешок - Општина Теарце

**Правец на патување на пролетниот излет:** Скопје - с. Лешок (Лешочки манастир) - Скопје

**Време на реализација:** Април / мај, 2027 година

**Техничка организација:**

- Високо квалитетен климатизиран, безбеден туристички автобус со агенциски водич;
- Придружба на медицинско лице;
- Придружба на лице за обезбедување;

**Начин на финансирање:**

Самофинансирање од страна на родителите.

## 5. Програма за организација и изведување на еднодневна екскурзија во III одделение

**Еднодневна  екскурзија**

**Место:** Маврово

**Одделение**: III **(**трето)

**Наставници:**

Ана Блажевска Анчевска и Љупка Андреева III а одд.
Добрила Трпеска и Викторија Пановска III б одд.
Даниела Апостолска и Аница Тепеѓозова III в одд.

**Образовни цели:**

- Запознавање со природните убавини на Националниот парк Маврово и неговата околина;
- Запознавање со специфичниот растителен и животински свет во овој предел;
- Поттикнување и остварување на позитивни емоционални доживувања;
- Почитување на одредени правила при патување;
- Социјализација на учениците и стекнување на искуство за осамостојување и грижа за себе;

**Задачи :**

- Запознавање со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви;
- Развивање интерес за природата и градење еколошки навики;
- Развивање на позитивен однос кон националните, културните и естетските вредности;
- Стекнување нови знаења за природните убавини на Националниот парк Маврово и развивање на патриотските чувства за својата татковина;

- Реализирање посета на: Национален парк Маврово и село Вруток.

**Содржини и активности:**

- Посета, набљудување, запознавање и фотографирање на природните убавини, објекти, цркви  и  предмети;

**Раководители и одговорни наставници:**

Ана Блажевска Анчевска и Љупка Андреева III а одд.
Добрила Трпеска и Викторија Пановска III б одд.
Даниела Апостолска и Аница Тепеѓозова III в одд.

**Време на реализација :** април / мај,  учебна 2026/27 година.

**Локации за посета и правци на патување:**

-Скопје, Тетово, Гостивар, Маврово**,** попатно разгледување на ниви и плантажи- Полог, врвовите на Шара, падините на Бистра и изворот на реката Вардар- Вруток.

**Техничка организација:**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар

**Начин на финансирање:**

Финансирање од страна на родителите на учениците.

## 6. Програма за организација и изведување на настава во природа во V одделение

**Настава во природа**

**Место:** Охрид

**Одделение:** V (петто)

**Одделенски наставници :** Милена Кузмановска, Катерина Петковска, Христина Ристеска

*Цел на наставата во природа:*
Учениците изворно да се здобијат со знаења, претстави и поими од природната средина и истите да се дополнуваат, потврдуваат **Програма** и систематизираат со примена и користење на современи педагошки форми и методи на работа. Учениците да се запознаат со природно-географските, биолошко-еколошките, етнолошките, антрополошките и културните обележја на градовите Охрид и Струга.

*Образовни цели:*

- Развивање способност за набљудување и воочување на предметите и појавите во животната средина, согледување и сфаќање на нивните меѓусебни врски и односи во природата и општествената средина
- Продлабочување , проширување и збогатување на ученичкото искуство за откривање на нови знаења преку организирање на истражувачки постапки

*Воспитни цели:*

- Развивање љубов и почит кон татковината, нејзините убавини и историското минато
- Учениците подобро меѓусебно да се запознаат, да се продлабочи другарството и да се надминат социјалните и националните разлики
- Да се негуваат и развиваат индивидуалната, тандемската и групната работа помеѓу учениците и позитивните навики како што се самостојноста, толеранцијата и истрајноста

- Развивање смисла за убавото, чување на природата и духовните богатства, формирање навики за организирано културно користење на слободното време

**Раководител на екскурзијата :** одделенските наставници од петтите одделенија

**Одговорни наставници :** Милена Кузмановска, Катерина Петковска, Христина Ристеска

**Време на реализација:** април / мај, учебна 2026/2027 година

*Содржини – Теми за истражување*

Природа и екологија:

- Водата како животна средина – истражување на Охридската флора и фауна
- Земјата и водата како животни средини и услов за живот
- Сонцето како услов за живот
- Растенија и животни кои се среќаваат во крајот со посебен осврт на лековитите билки
- Изработка на инсектариум и хербариум
- Еколошко истражување на водите на Охридското Езеро-ЕКО час

Општество

- Културно наследство на тлото на Р.С. Македонија
- Споменици на културата
- Македонија - мултикултурна ризница
- Личниот и живот во група
- Социјализација на личноста во група
- Животот и работата на луѓето во локалните заедници
- Посета на археолошки ископини
- Стопански и нестопански дејности:индустрија,  туризам, риболов, градинарство,овоштарство, сточарство и занаети
- Охридска  архитектура

- Од историското минато на македонскиот народ(цркви,манастири,спомен куќи, музеи)

Македонски јазик

- Раскажување по фантазија на тема: Што би било кога би живеел во минатото
- Читање проза и поезија за историјата, животот и работата на луѓето во и околината
- Читање на легендата за Охридското Езеро-разговор за легендата,пишување реченици за Охридското Езеро
- Извештај од посети и набљуденија
- Собирање на текстови напишани од учениците во одделението, договарање за илустрации, начин на подврзување на книгата и реализирање на договореното

Математика

- Работа со податоци
- Претставување и читање податоци на столбест  дијаграм и пиктограм (следење на временска прогноза)
- Активности со дидактички материјали (местоположба во табела,координатен систем,насоки на компас)

Физичко и здравствено образование

- Слободни и забавни игри(игри без граници,маскенбал,караоке забава,брза географија и други друштвени игри)
- Вежби за правилно држење на телото и естетика при играњето
- Игри со ритмичко изведување на одредени движења со музика
- Гимнастички вежби
- Одење, трчање по рамен и нерамен терен, лазење, качување

Музичко образование (култура и фолклор)

- Музички фолклор,народни песни („Билјана платно белеше“), народни ора
- Народно творештво (народни носии, ракотворби, игри, традиции и обичаи од западниот крај на Македонија

Ликовно образование

- Форма – цртање, сликање
- Простор – цртање, сликање
- Изработка на сувенири од природни материјали(каменчиња,семиња)

Производствено – корисна работа:

- Изработка на книга за „Убавините на Охрид и Охридското Езеро“
- Изработка на видео презентација со фотографии од наставата во природа
- Изработка на предмети од разни материјали( школки,камчиња, растенија...)

Културно – забавни активности:

- Вечер на хумор и смеа
- Избор на најдобар глас
- Вечер на народни игри и модерни танци
- Квиз натпревар
- Избор на најдобра маска
- Игранка.

Хигиена и здравје:

- Одржување лична и општа хигиена
- Норматив листа за јадење на здрава и разновидна храна значајна за раст и развој на учениците

Распред на времето во текот на денот:

- Станување
- Утринска гимнастика
- Лична хигиена и уредување на собите
- Појадок

- Настава
- Посети, набљуденија, истражувања
- Ручек
- Време за одмор
- Ужина и активен одмор, посети, набљуденија, истражувања
- Вечера
- Културно – забавни активности
- Лична хигиена и спиење

Потребен материјал за наставни активности:

- блок бр. 3
- темперни бои, четки, чаша за вода
- фломастери
- тетратка со квадратчиња
- тетратка со широки линии
- прибор за пишување
- лепак за хартија, ножици

*Наставни ( организациони) форми:*

- Заедничка, групна, индивидуална и работа во парови (тандеми)

*Методи и техники на работа:*

- Метод на игра
- Метод на набљудување
- Метод на истражување
- Говорен метод (монолошки, дијалошки и метод на дискусија)
- Метод на работа со текст (текстови, работни листови и индивидуални задачи)
- Демонстративен метод (слики, предмети, апликации, играчки)

- Илустративен метод
- Метод на практична работа
- Метод на решавање на проблеми

*Техники и методи за следење на постигањата на учениците*

- Набљудување
- Листи за следење
- Квизови
- Дебати
- Усни одговори на прашања поставени од наставникот
- Одговори на есејски прашања
- Поставување прашања  од соучениците и одговори на нив
- Разговор со учениците
- Писмени извештаи
- Практични изведби
- Проектна работа

*Наставни средства:*

- Учебник за соодветниот предмет, енциклопедии
- Списанија
- Интернет
- Спортски реквизити
- Дидактички материјали и помагала
- Ликовни материјали
- Географска карта,нема карта
- Аудио – визуелни средства
- Извори на знаење  од непосредната околина: споменици на културата, музеи, домови на културата, библиотеки, кина, театри, национални паркови итн.

*Воспитно образовни  цели  на наставата:*

- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Охридското Езеро
- Учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со природните одлики на Западна Македонија
- учениците да негуваат љубов кон убавините на природата и својата татковина Р. Македонија
- учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со рељефот во З.М, да изучуваат и истражуваат  објекти и појави во природата како и односи во општествениот живот;
- учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со видовите населби,археолошки ископини:(Самуилова тврдина, Заливот на коските и др..)
- учениците непосредно (нагледно) да се запознаат со нашето подалечно и поблиско минато(Праисториски период, Илинденски период, Христијанство итн)
- учениците да се запознаат со животинскиот и растителниот свет во и околу ОхридскотоЕзеро
- да се запознаат со културата и начинот на живеење на луѓето во одделни краеви
- да развиваат другарство и социјализирано однесување во околната средина

*Задачи:*

- развивање интерес за природата, градење еколошки навики
- поттикнување и манифестирање позитивни емоции
- позитивен однос кон верските и културните вредности;
- социјализација и  колективна заштита
- развивање интерес за спортски активности, рекреација

- поттикнување и развивање на другарството , меѓусебното почитување, позитивен и натпреварувачки дух и подобри меѓусебни односи
- создавање навики на здраво живеење

*Часовен распоред на активностите во текот на денот*

| **Ден** | **час** | **Активности** |
|---|---|---|
| **I ден** | 8 : 00 | - поаѓање |
| | | - Скопје – Тетово – Кичево – Охрид |
| | | • Сместување |
| | | • Разгледување на просториите во објектот и околината |
| | 16:00 | • **Одделенски час**: (училница) – воведување куќен ред |
| | | • **Македонски јазик:** Импресии од патувањето (училница) |
| | | • Слободно време |
| | 19:00 | - вечера |
| | 20:00 | - забава (заедничко дружење) |
| | 21:00 | - ноќен одмор |
| **II ден** | 8 : 00 | - будење, утринска гимнастика |
| | 8 : 30 | - појадок |
| | 9 : 00 | - прошетка покрај езерото |
| | | **Набљудение:** релјефни карактеристики, архитектура, растенија и животни (надворешна средина) |
| | 11:00 | **Корелација:** македонски јазик, природни науки, физичко и здравствено образование |
| | 12:00 | - ручек, пладневен одмор |
| | 14:00 | **Општество:** Посети и набљуденија пропратени со разговори со кустоси и туристички водичи |
| | | -Историски музеј на Охрид – **„Куќата на Робевци“** |
| | | -**Амфитеатарот** под **Самуиловата тврдина** |
| | | -**„Св Јован Канео“** –црква од XII век |
| | | -Локалитетот **„Плаошник“** и црквата **„Св. Софија“** |
| | | **Музичко образование:** Слушање црковна, рановизантиска музика, сумирање на впечатоците од посетите и набљуденијата |
| | | - ужина, слободно време |
| | 19:00 | - вечера |
| | 20:00 | - рекреативни, друштвени игри |
| | 21:00 | - ноќен одмор |
| **III ден** | 8 : 00 | - будење, утринска гимнастика |

| | | |
|---|---|---|
| | 8 : 30<br>9 : 00<br><br>14:00<br>14.30<br><br><br>16:00<br>17:00<br>19:00<br><br><br>20:00<br><br>21.00 | - појадок<br>**Општество:** Посета на **Заливот на коските.** Посета на **манастирот „Св. Наум Охридски“** – час посветен на историскиот лик значаен за писменоста на словенските народи,(корелација со наставен предмет Општество)<br>- ручек<br>- пладневен одмор<br>- Посета и прошетка низ **Старата чаршија во Охрид,** разгледување сувенири во **Охридските дуќани** со обележје на регионот<br>Посета на **Билјанини Извори.**<br>**Македонски јазик:** Изработка на извештај од извршените посети и набљудувања во текот на претпладнето<br>**Ликовно образование:**Изработка на ликовни творба(накит од природни материјали)<br>вечера<br>забава<br>ноќен одмор |
| **IV ден** | 08:00<br>08:30<br>09:00<br>12:00<br>13:00<br>14:00<br>14:30<br>19:00 | **-**будење и утринска гимнастика<br>- појадок<br>-прошетка  крајбрежјето на Охридско Езеро<br>-ручек<br>**Македонски јазик**:Дебата и сумирање на впечатоците од наставата во природа<br>-тргнување за Скопје<br>**Општество**:Посета на Вевчански Извори<br>-пристигнување во Скопје |

За учениците кои нема да посетат Настава во природа ќе се организира настава во училиште.

**Распоред на часови**

| | Прв ден | Втор ден | Трет ден | Четврти ден |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Одделенски час | Општество | Општество | Македонски јазик |
| **2.** | Македонски јазик | Музичко | Македонски јазик | Општество |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.** | | | Ликовно образование | |

**Техничка организација :**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар

**Начин на финансирање :**

Финансирање од страна на родителите на учениците.

## 7. Програма за организација и изведување на дводневна историско-географска екскурзија во VI одд.

**Дводневна историско – географска екскурзија**

**Место:** Источна Македонија – Дојран

**Одделение:** VI (шесто)

**Одделенски раководители:** Славица Алексова, Зорица Стефановска, Валентина Зорчец

**Воспитно-образовни цели:**

- Стекнување на нови знаења и проширување на веќе стекнатите за природните убавини, старите градби, цркви и манастири во Источна Македонија;
- Прошетка низ градот Велес, музејот на градот и спомен куќата на Кочо Рацин
- Стекнување нови знаења за потеклото и местоположбата на градот градот Штип и посета на Музејот на градот;
- Прошетка низ градот Радовиш и посета на црквата „Света Троица“,еден од најпознатите православни храмови на

Балканот;
- Прошетка низ градот Дојран и посета на Смоларскиот водопад.

**Содржини и опис на активности:**

Набљудување и разгледување на градовите Велес, Штип, Радовиш и Дојран. Прибирање податоци и материјали карактеристични за секој посетен објект, набљудување, фотографирање и разговор со кустоси, граѓани, свештени лица. Дружење и забава.

**Раководител на екскурзијата:** Славица Алексова

**Одговорни наставници:** Славица Алексова, Зорица Стефановска, Валентина Зорчец

**Време на реализација:** октомври / мај, учебна 2026/2027 година

**Локации за посета и правци на патување:**

**Прв ден:**

Поаѓање во 8:30 часот од Скопје. Пристигнување во градот Велес, посета на музејот на град Велес и спомен куќата на Кочо Рацин. Поаѓање за градот Штип. Разгледување на градот и посета на Музејот на град Штип. Потоа посета на градот Радовиш и црквата „Света Троица”. Пауза за ручек. Поаѓање кон Дојран. Пристигнување во Дојран, посета на граничниот премин „Св.Богородица“ и сместување во хотел. Вечера и слободно време до 21:00 часот. Организирана забава за учениците.

**Втор ден:**

По појадокот посета на Смоларските водопади, манастирот св.Леонтиј - Водоча, Враќање за ручек во хотелот. Поаѓање за Скопје. Пристигнување во Скопје во попладневните часови.

**Техничка организација:**

Висококвалитетни, климатизирани, безбедни патнички автобуси, квалитетни услови на сместување, туристички водич и лекар.

**Начин на финансирање:**

Финансирање од страна на родителите на учениците

## 6. Програма за организација и изведување на тродневна научно-историска екскурзија во IX одделение

### Воспитно - образовни цели:

- Проширување на знаењата, примена на вештини и ставови преку непосредно запознавање на појавите, како и односите во природната и општествената средина;
- Запознавање со убавините, богатствата и културно - историските знаменитости;
- Трајно стекнување на знаење и развивање на чувство на љубов и чување на природните богатства и убавините на татковината;
- Запознавање со археолошките локалитети во Република Северна Македонија и специфичноста на македонската архитектура;
- Непосредно запознавање со природните убавини на јужниот и западниот дел на Република Северна Македонија, природните езера, реките, планините и развојот на туризмот;
- Подобро меѓусебно запознавање на учениците;
- Продлабочување на другарството и надминување на национални, верски, социјални и други разлики;
- Да се прошират знаењата од различни области на литература, географија, биологија итн.

### Задачи:

- Развивање на позитивен однос кон: националните, културните и археолошки вредности во Република Северна Македонија;
- Развивање интерес за културно - историските знаменитости на татковината;
- Развивање на интерес за природата и градење на еколошки навики;
- Поттикнување и манифестирање на позитивни емоции;
- Содржини и активности: набљудување, насочено внимание, прибирање податоци, фотографирање на објектите, предметите и другите материјали;

- Теренска настава: презентација на претходно подготвени трудови, проекти;
- Водење интервју со кустоси, монаси и историчари.

- **Раководител: Филип Стојковиќ**
- Наставници: предметни наставници - одделенски раководители на IXa, IXб и IXв одделение
- Ученици од IX одделение

**Локации за посета**: Мавровско езеро, Манастир „Св. Јован Бигорски“, женски манастир во Рајчица, хидроцентрала Глобочица, Вевчанските извори - Вевчани, Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, црквата „Св. Софија“ - Охрид, црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастир „Св. Наум Охридски„ – Охрид, Куќата на Робевци, Заливот на коските и Билјанини извори.

- **Прв ден**: Поаѓање од училиште, се патува преку Тетово, Гостивар и Маврово, панорамски разглед на Мавровско Езеро, посета на манастирот „Св. Јован Бигорски“, манастирот „Св.Георгиј Победоносец“ во Рајчица, хидроцентралата Глобочица, Вевчанските извори, Струга - Црн Дрим. Пристигнување и сместување во Охрид;
- **Втор ден**: Посета на Охрид: Антички театар, Плаошник и Самоилова тврдина, Црквата „Св. Софија„ - Охрид, Црквата „Св. Јован Богослов“ - Канео, манастир „Св. Наум Охридски“, Куќата на Робевци, разгледување на Старата чаршија во Охрид;
- **Трет ден**: посета на Залив на коските, Билјанини извори, прошетка низ Старата чаршија во Охрид, враќање за Скопје.

- **Правците на патување**: Скопје - Тетово - Гостивар – Охрид, Охрид - Скопје
- **Техничка организација:** Технички исправни и климатизирани автобуси, туристички водич и лекар;
- **Времетраење:** Три дена со две ноќевања;
- **Време на реализација:** Октомври, 2026 година;
- **Начин на финансирање:**

Финансирањето ќе се врши согласно Правилникот на МОН, преку средства од родителите/старателите или други извори предвидени со Правилникот. Исклучок е можен доколку Општината донесе одлука да ги покрие трошоците за реализација на екскурзијата.

Стручен тим за изработка на Годишната програма за екскурзии, излети и други вонучилишни активности во состав од:

1. Александар Христовски – директор
2. Билјана Јованова – педагог
3. Даниела Апостолска – одделенски наставник
4. Милена Кузманоска – одделенски наставник
5. Славица Алексова - предметен наставник
6. Филип Стојковиќ – предметен наставник

Скопје МП Директор

Александар Христовски